**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за здравство |
| Назив на предлогот на закон: | **Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување** |
| Одговорно лице и контакт информации: | Ана Петровска, дипл. правник<br>Ana.petrovska@zdravstvo.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго<br>________________________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 16 мај 2018 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Со одредбите на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија", број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17), е утврдено дека Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот ја утврдуваат 14 стручни комисии, формирани од Владата на РМ согласно АТЦ класификацијата на лекови, а секоја комисија одделно е составена од 17 членови. Ова законско решение во праксата се покажа како гломазно, широко поставено и неприменливо.

Со законот се утврдени меѓународно признатите сертификати за активно познавање на англискиот јазик од страна на директорот на Фондот и положен психолошки тест и тест за интегритет.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

При анализа и увид на состојбите за спроведувањето на Законот за здравственото осигурување се утврдија следниве причини за проблемите:

Листата на лекови ја утврдуваат 14 стручни комисии, а секоја одделно брои по 17 членови, кои ја утврдуваат Листата на лекови согласно меѓународната АТЦ класификација, кое законско решение во праксата се покажа како гломазно, широко поставено и неприменливо.

Во однос на психолошкиот тест кој е услов за кандидатите за директори кој е утврден во Законот проблем претставува фактот што во државата не постојат овластени правни лица кои располагаат со соодветен стручен кадар кои ќе развијат соодветни психолошки тестови за секоја различна работна позиција, а АПТИС како најевтин сертификат кој е најлесно достапен во државата и признаен во светот за познавање на англиски јазик не е предвиден во постојниот закон.

## *2.* Цели на предлог регулативата

Целта на измените и дополнувањата е:

- да се поедностави утврдувањето на Листата на лекови со тоа што наместо 14 стручни комисии, а секоја одделно да брои по 17 членови, министерот за здравство да формира една стручна комисија која ја утврдува Листата на лекови согласно меѓународната АТЦ класификација.
- да се додаде АПТИС како меѓународно признат сертификат за познавање на англискиот јазик кој е достапен во државата и да се избрише на психолошкиот тест и тестот на интегритет за директорот на Фондот;

## *3.* Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Со оваа опција не се придонесува надминување на актуелните утврдени проблеми во спроведување на Законот и иститe и понатаму ќе бидат присутни, заради што истата нема да биде земена во предвид.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Како можно решение за надминување на проблемот:

- со предложените измени се поедноставува утврдувањето на Листата на лекови со тоа што наместо 14 стручни комисии, а секоја одделно брои по 17 членови, министерот за здравство во иднина да формира една стручна комисија која ја утврдува Листата на лекови согласно меѓународната АТЦ класификација.
- додавање на АПТИС како меѓународно признат сертификат за познавање на англискиот јазик и бришење на психолошкиот тест и тестот на интегритет за директорот на Фондот;

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

Опција 1: нема влијанија.

Опција 2: Со донесување на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ќе се воспостави поефикасно и поефективно утврдување на Листата на лекови.

*4.2 Фискални влијанија*

Опција 1: нема влијанија.

Опција 2: Со донесување на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување на членовите на стручната комисија ќе се исплатува 50% од минималната плата во Република Македонија за месеците во кои членот на стручната комисија учествувал во работата на стручната комисија.

*4.3 Социјални влијанија*

Опција 1: нема влијанија.

Опција 2: Со донесување на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување се воспоставува поефикасно и поефективно утврдување на Листата на лекови што непосредно ќе се одрази на квалитетот на здравствена заштита на пациентите.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Опција 1: нема влијанија.

Опција 2: нема влијанија.

*4.5 Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување*

*б) трошоци за почитување на регулативата*

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот нема да предизвика административни трошоци за почитување на регулативата, освен во однос на полагањето на странскиот јазик.

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Во процесот се вклучени Министерството за труд и социјална политика и Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

*5.2 Мислења кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

- Со донесувањето на законот се очекува позитивно влијание од укинувањето на 14 стручни комисии и се очекува поефикасно и поуспешно утврдување на лековите кои се содржани во Листата на лекови.
  - Ќе се обезбеди усогласување со Законот за административните службеници во однос на условот за познавање на странски јазик.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Доколку не се донесе Законот за здравственото осигурување и понатаму ќе останат проблемите со организирањето на работата на 14 стручни комисии што може негативно да се одрази на остварувањето на правото на здравствена заштита на пациентите, како и ќе има различни услови во однос на познавањето на странскиот јазик и психолошкиот тест и тестот за интегритет во Законот за здравственото осигурување во однос на Законот за административните службеници.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Донесувањето на Предлогот на законот не предизвикува потреба од менување на други закони во областа или други сродни области.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Со донесувањето на Предлогот на законот министерот за здравство во рок од 3 месеци потребно е да донесе Правилник за утврдување на начинот и методологијата за утврдување и донесување на Листата на лекови.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Министерството за здравство
Фонд за здравствено осигурување на Македонија

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Нема

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Спроведувањето на одредбите ќе се врши од Министерството за здравство преку формирање на стручната комисија која во иднина ќе ги утврдува лековите од Листата на лекови.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуацијата на ефектите на ефикасноста и на фискалните ефекти ќе се врши преку проценка на работата на стручната комисија, а по престанокот на работата на старите 14 комисии и по донесување на Правилникот за утврдување на начинот и методологијата за утврдување и донесување на Листата на лекови во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на законот.

## Изјава од државниот секретар

**Нацрт-извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**датум: _____________** **..........................................**

**потпис на државниот секретар**